Д-р АНТОАНЕЛА ПЕТКОВСКА

# ВЕБЕРОВИОТ ПОГЛЕД НА СВЕТОТ

Социолошката дилема од типот дали сме актери во драмата на животот режирана од надворешни сили, или сме активни творци на сопствената судбина, парадоксално произлезена од егзистенцијалниот ужас или нужност, провејува низ историјата на општествената мисла. Вистинскиот конфликт на "социолошкиот ум" како да е реминисценција на апсурдноста на човековата судбина "заплеткана" меѓу биолошката ограниченост и потребата за постоење на вечноста (во културата), од една страна, а од друга страна доживувањето на индивидуалноста како спротиставена, но и за секогаш "венчана" со колективитетот (во општеството). Подвоеноста на човековото постоење помеѓу биолошкото и општественото, помеѓу посебноста и расплинетоста во општоста го условува во начинот на кој тој го доживува и го интерпретира светот околу себе, изнемоштен во определувањето на својата сопствена улога, своето значење во контекстот на тој свет. Друг тип на поларизација на човековата природа произлегува од комплексноста на неговата комуникација со околината, која е истовремено сетилна, емоционална, но и рационална. Околностите на видот на комуникацијата, произлезени од соодветната структура на одделна социо-културна егзистенција, создаваат (или предизвикуваат) разновидни можности за соодветно "активирање" на овие различни димензии присутни во човечката комуникација. Опструкцијата во процесот на промислувањето на човековиот свет настанува во оној момент кога тоа се редуцира на степен на рефлексија, лишена од повеќевидноста на човековите способности (сетилност, емотивност, интелигибилност). Со други зборови, осиромашено е она мислење кое се откажува од учеството во стварноста на којашто се однесува. Учеството, се разбира, претпоставува конструкција на истата таа стварност, разбрана не само во нејзината материјална туку и во нејзината духовна форма. Така, мислејќи го светот на општеството, ние истовремено го пресоздаваме и му додаваме нови, можеби виртуелни димензии и значења. Колку е односот на тоа познание соодветен на нејзината онтолошка суштина е секако прашање за човекот, но станува повторно ирелевантно, ако се заборави дека нејзиниот вистински, волев и свесен актер,

е токму оној мислечки и сложен субјект, односно човекот. Оттаму, за социологот е подеднакво битно каква е општествената стварност по себе, колку и субјективниот, сопствен начин на моделирањето, вообличувањето, конструирањето на општествениот дискурс. Вистинската социолошка интрига започнува во оној момент кога социологот е соочен со степенот на својата способност, не само да ги согледа реалните параметри на социокултурниот простор туку и сите оние дејности (активности) на творечкиот ум коишто на општествениот живот му припишуваат (а со тоа и му овозможуваат), нови значења и нови форми на постоење. Самопоставеноста на социологот во социеталниот контекст на епохата, структурата и природата на неговата сопствена човечка судбина, него го оптоварува со бројни баласти, но истовремено и го релаксира, овозможувајки му оправдување за текот, правецот и моделот на мислење. Типот на интелигибилноста на неговиот пристап кон општествените феномени го принудува да инклинира кон рационалноста, што социологот ја бара во реалноста на човековата комуникација (или комуникации), кога на таа комуникација гледа како на заокружен, глобален систем. Но, кога се во прашање актерите што се носители на системот, социологот е поставен пред дилемата како да го инкорпорира фактот на осмисленото, чувствено, волево учество на субјектот во комуникацијата: дали може и дали треба да го разбере како таков, дали да го вреднува или само круто да се однесе кон регистрирањето на неговото учество? Подеднакво е значајно и прашањето: колку за истражувањето на општеството се битни самите егзистенцијални факти, а колку начинот на кои човекот мисли и чувствува за нив, зошто ги прифаќа, зошто го застрашуваат или зошто ги отфрла во контекст на своите желби и потреби.

Духот на Вебер експлицитно ги носи, до денешни дни, поттикот и протокот на овие идеи и дилеми. Нивното разрешување, или барем обидот тоа да се постигне, во становиштата на Вебер произведува бура од, ни малку претенциозни, некогаш дури строги и стерилни, но секогаш провокативни парадигми. Целиот впуштен во парадоксите и контроверзите на својата епоха тој се обидува да ги помири различните димензии на современието што го живее, давајки им значење и толкување соодветно на аспектите на животот што тие ги допираат. Всушност, Вебер, крајно инспиративно и продлабочено, востановува флексибилни и сложени критериуми за поставувањето на општествените факти таму каде што тие припаѓаат, според значењето што тие ги имаат за човекот во општествениот контекст. Така, тој се обидува да говори за посебните и доминантни сили на рационализацијата во западното капиталистичко општество, во кое мистичната контемплација

од минатото му го отстапува местото на рационалното објаснување. Без оглед на тоа што Вебер ја согледал оваа одлика на модерното општество, па така и се однесува кон него, тој како полнокрвен социолог бил песимистички настроен кон натамошната судбина на општество кое ја изгубило својата спиритуелност, својата магепсаност и својот шарм. Социологијата како производ на западното општество исто така ја губи својата магија, запаѓајки во рационализацијата на идеите за општествените процеси. Иако и самиот жестоко се застапувал за ваквиот приод во социологијата, Вебер бил исплашен од неа, поради што се обидувал, латентно, на оваа наука да и ја врати смислата на субјективното, вредносното, спиритуалното. Со други зборови, сакал да постигне, укажувањето на вистината за општествените процеси и појави, нив да не им одземе од сложеноста и убавината. Затоа тој инсистирал, меѓу другото, да докаже дека релацијата меѓу системот на идеите и општествената структура е поливалентна и дека причинската врска меѓу нив е двостран процес, а на тој начин да го направи пофлексибилно гледањето на динамиката на општествените промени. Проблемите и митовите на неговата цивилизација, за коишто заеднички и круцијален момент е свртувањето од традиционалното кон рационалното, секако биле длабоко вкоренети во неговиот ум. Веберовиот дух бил исто така под влијание на расцепот меѓу "протестантската етика" и хуманизмот, во овој случај разбран како постојана тенденција да и се придаде важност на човековата дејност во сета разновидност на нејзините манифестации и мотивираност. Можеби токму поради тоа Вебер на извесен начин, не само што го олицетворува менталитетот на својата епоха и своето културно опкружување, туку и го наговестува доаѓањето на еден нов свет. Во тој нов, друг свет, заситен од декаденцијата, агресивноста и колеричноста на модерноста, се постулираат патиштата на ирационалноста како нова рационалност, на хаосот како нова идеја за поредокот на нештата, историската еклективност или аисторичноста како ново историско поглавје, поглавје на релаксираната, банална пост модерна ера. Социологијата, во тој контекст, ја добива повторно шансата, напуштајки го грубиот сциентизам, да и се врати на творечката субјективност што не е лишена од есенција. Таа есенција се содржи во она што Низбет ќе го нарече "социологија како форма на уметност", односно како форма на интуиција и имагинација. Кај Вебер ова се потврдува со неговото инсистирање на методот на разбирањето или способноста да се навлезе во полето на владеењето на сентиментите, мотивацијата и духот и нивното постулирање врз искуството и опсервацијата.